Ревизијата на успешност е вршена со цел објективно презентирање на состојбите за преземените активности на релевантните институции за воспоставување и функционирање на дневникот на паралелката во електронска форма (Е–Дневник), услови за негова навремена, целосна и ефикасна примена во основните и средните училишта во Република Македонија, користење на податоците од истиот и други аспекти поврзани со оваа тема.

Имајќи ги предвид законските решенија кои даваат основ за водење на дневникот на паралелката во електронска форма кои следеа согласно определбите на Владата на РМ за реализација на Проектот „Информиран родител„ (Е-Дневник), ДЗР во својата Годишна програма за работа за 2013 година ја вклучи оваа тема за ревизија на успешност и ја реализира согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија.

Оваа ревизија е спроведена со цел да се дадат препораки за подобрување на ефикасноста и ефективноста на примената на Е-Дневникот со допрецизирање на одредени функционалности на апликацијата и дообезбедување услови за искористеност на податоците од него за потребите на МОН и училиштата на брз и едноставен начин. Вршењето на ревизијата се одвиваше во неколку фази од кои прва е фазата на прелиминарни истражувања. Од оваа фаза произлегоа повеќе подрачја кои покажаа одредени ризици како основ за вршење на ревизијата на успешност.

Ревизијата ја насочивме кон неколку ризични подрачја кои во Програмата за вршење на ревизијата беа групирани во области за ревизија насловени како:

1. Правна рамка и стратешки документи за реализација на проектот Е-Дневник;
2. Координација меѓу МОН и институциите кои вршат проверка и „валидација„ на постојните и дополнување на нови наставни планови, програми и теми на наставни програми во ЕМИС и користење на податоците од ЕМИС администраторите во училиштата;
3. Креирање, примена и функционални слабости на апликацијата Е-Дневник;
4. Користење на податоците од Е-Дневникот од страна на МОН, училиштата и информирање на родителите;
5. Развој и одржување на апликацијата Е-Дневник и информациониот систем на МОН.

**Очекувани ефекти (резултати) од ревизијата**

Резултатите од ревизијата се презентирани во овој извештај. Со извештајот надлежните институции ќе се информираат за одредени прашања и потребата од донесување на некои акти и документи со цел непречено водење и функционирање на Е-Дневникот. Исто така, ќе бидат презентирани утврдените состојби и неправилности и дадените препораки за нивно надминување, кои ќе помогнат во интензивирање на активностите посочени во истите.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 од овој извештај.